ПРЕДЛОГ

# „МАКЕДОНИЈАТУРИСТ“ АД СКОПЈЕ

Согласно член 383, 384, 483 и 365 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на „Македонијатурист” АД Скопје на ден 17.04.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
**за распределба на добивката на „Македонијатурист” АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 година**

**Член 1**

Добивката по оданочувањето по Годишната сметка на „Македонијатурист“ АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 година, во износ од 96.394.329,00 денари, ќе се распредели на следниот начин:

- Дел од добивката за инвестиции - 60.000.000,00 денари;
- Дел од добивката за исплата на дел од дивидендата за 2023 година - 36.394.329,00 денари.

**Член 2**

Исплатата на дивиденда за 2023 година во износ од 81.404.400,00 денари, ќе се изврши од дел од распределената добивка на Друштвото за 2023 година во износ од 36.394.329,00 денари, а останатите 45.010.071,00 денар ќе се исплатат од нераспределените добивки на Друштвото и тоа: 16.019.885,00 денари од нераспределената добивка за 2018 година, 10.617.125,00 денари од нераспределената добивка за 2017 година и 18.373.061 денар дел од нераспределените добивки до 31.12.2008 година.

**Член 3**

Дополнителни издатоци по одлука и Статут, во бруто износ од 14.989.929 денари ќе се распределат со одлука на Надзорниот одбор на Друштвото, во која ќе бидат утврдени поединечните износи на овие издатоци, според проценка на вложен труд и постигнати резултати. Исплатата на дополнителните издатоци по одлука и Статут ќе биде извршен од нераспределните добивки до 31.12.2008 година.

**Член 4**

Средствата за награди за Надзорниот одбор во бруто износ од 1.500.000,00 денари ќе се исплатат на товар на трошоците на Друштвото.

Поединечната распределба на средствата на став 1 од овој член на членовите на Надзорниот одбор, ќе се изврши со посебна одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

Претседавач на Собрание,

__________________________